СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ИЗБРАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ 2005 – 2021

- Информатор за социјални, економски и буџетски индикатори за Република Северна Македонија -

Марија Мицевска Лазарова, советник, истражувач и аналитичар по современи економски системи

Спасена Крстева, советник, истражувач и аналитичар по пазарна економија

февруари 2021 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................ 2

I. Квантитативен преглед на основните економски, социјални и буџетски индикатори во Република Северна Македонија за периодот од 2005 до 2020 година ........................................................ 3

I.1. Економски индикатори - Реален сектор ........................................................ 3

I.2. Социјални индикатори ........................................................ 24

I.3. Фискални (буџетски) индикатори ........................................................ 30

ЛИСТА НА ИЗВОРИ ........................................................ 35

# ВОВЕД

Предмет на овој информатор е квантитативниот преглед на основните макроекономски индикатори во Република Северна Македонија во периодот од 2005 до 2021 година.[1]

Овој квантитативен преглед е изработен **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

Макроекономските индикатори кои се прикажуваат во оваа самоиницијативна истражувачка работа се: 1) економски индикатори и тоа од реалниот, надворешниот и од монетарниот сектор, потоа 2) социјални индикатори и 3) буџетски индикатори кои го опфаќаат фискалниот сектор. Вака избраните индикатори кои се прикажани во оваа истражувачка работа се однесуваат на:

***Економски индикатори***

- *Бруто-домашниот производ (БДП) и БДП по жител*
- *Инфлација и индекс на цените на мало и на трошоците на животот*
- *Увоз на стоки, извоз на стоки и трговски биланс*
- *Платен биланс на Република Северна Македонија*
- *Државен и јавен долг*
- *Странски директни инвестиции (СДИ)*
- *Девизни резерви на Народната банка на Република Северна Македонија*
- *Монетарни движења - кредити, депозити и монетарни агрегати во Република Северна Македонија*
- *Кредитен рејтинг на Република Северна Македонија*

***Социјални индикатори***

- *Просечни нето и бруто-плати (износ и годишна стапка на пораст)*
- *Пазар на работна сила*

***Буџетски (фискални) индикатори***

- *Буџет на Република Северна Македонија, буџетски приходи, расходи и буџетски суфицит/дефицит за периодот од 2005 - 2020 година*

Податоците користени во квантитативниот преглед се преземени од официјалните извештаи, соопштенија и билтени на Државниот завод за статистика, Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Меѓународниот монетарен фонд и др.[2] Квантитативниот преглед, исто така, содржи и сопствени пресметки на авторите.

---

[1] Овој преглед е дополнета и ажурирана верзија на податоците прикажани во ИЗБРАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ 2005 - 2015 - Информатор за социјални, економски и буџетски индикатори за Република Македонија, Парламентарен институт, Скопје, декември 2015 и ИЗБРАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ 2005 - 2019 - Информатор за социјални, економски и буџетски индикатори за Република Северна Македонија, Парламентарен институт, Скопје, јули 2019 https://www.sobranie.mk/content/%D0%9F%D0%B0%D1%80%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%82/Makroenomski%20indikatori%202019-%20proaktivno%20istrazuvanje%20Marija%20i%20Spasena%202.pdf

[2] Некои табеларни прикази и графикони содржат статистички податоци заклучно со 2019 година или 2020 година, поради тоа што во моментот на нивното изготвување користените официјални интернетски страни не располагале со податоци за претходната (2020) и проекции за тековната година (2021).

# I. Квантитативен преглед на основните економски, социјални и буџетски индикатори во Република Северна Македонија за периодот од 2005 до 2020 година

## I.1. Економски индикатори - реален сектор

### *Бруто-домашен производ (БДП) и БДП по жител*

Согласно методологијата на Државниот завод за статистика, бруто-домашниот производ е главен показател за развиеноста на економијата на секоја држава, а се пресметува според **производен метод**, според **расходен метод** и според **метод на постојани цени**[3].

Според ***производниот метод***, бруто-домашниот производ (БДП) се дефинира како финален производ на производната активност на резидентните единици и е збир на бруто-додадената вредност од одделните институционални сектори плус данокот на додадената вредност и царините минус субвенциите на производи. Бруто-домашниот производ ***според расходниот метод*** = Финална потрошувачка + бруто-инвестиции + извоз – увоз. Кај пресметките на бруто-домашниот производ ***по постојани цени*** се користат ценовни и волуменски индикатори за да ги прикажат реалните вредности на компонентите на бруто домашниот производ. Пресметката на годишната стапка на раст на бруто-домашниот производ е наменета да се овозможи споредби на динамиката на економскиот развој на една држава и споредба помеѓу економиите од различни големини[4].

Со податокот за ***бруто-домашниот производ по жител*** се врши споредба на развиеноста на државата во однос на други држави, споредба на продуктивноста на трудот и истовремено претставува податок од кој се добиваат податоците за бруто-националниот доход, бруто-штедењето и нето-задолжувањето на државата.[5]

[3] Поими и објаснувања, Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=7 (пристапено на 25.2.2021)
[4] *Ibid*
[5] *Ibid*

*Табела 1: БДП, БДП per capita и бруто-инвестиции како % од БДП во РСМ за периодот 2005 - 2020 година во денари, милиони денари, ЕУР и милиони ЕУР*[6]

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***БДП во милиони денари-производен-тековни цени*** | 308.447 | 334.840 | 372.889 | 414.890 | 414.622 | 437.296 | 464.186 | 466.703 | 501.891 | 527.631 | 558.954 | 594.795 | 618.106 | 660.878 | 689.425 | 665.681* | 706.834* |
| ***БДП во милиони евра*** | 5.032 | 5.472 | 6.095 | 6.772 | 6.767 | 7.109 | 7.544 | 7.585 | 8.150 | 8.562 | 9.072 | 9.657 | 10.038 | 10.744 | 11.209 | 10.824* | 11.493* |
| ***БДП во милиони денари - постојани цени (референтна 2005 година)*** | 308.447 | 324.292 | 345.285 | 364.179 | 362.873 | 375.061 | 383.837 | 382.086 | 393.263 | 407.535 | 423.249 | 435.304 | 440.013 | 452.688 | 467.057 | н.п. | н.п. |
| ***БДП реална стапка на раст (во %)*** | 4,7 | 5,1 | 6,5 | 5,5 | -0,4 | 3,4 | 2,3 | -0,5 | 2,9 | 3,6 | 3,9 | 2,8 | 1,1 | 2,9 | 3,2 | -4,4* | 4,1* |
| ***БДП per capita во евра (ЕУР)*** | 2.470 | 2.682 | 2.982 | 3.308 | 3.300 | 3.459 | 3.665 | 3.680 | 3.948 | 4.141 | 4.382 | 4.659 | 4.839 | 5.175 | 5.398 | 5.215* | 5.535** |
| ***БДП per capita-денари-тековни цени*** | 151.433 | 164.119 | 182.471 | 202.692 | 202.188 | 212.795 | 225.493 | 226.440 | 243.160 | 255.206 | 269.997 | 286.995 | 297.954 | 318.309 | 331.982 | 320.696* | 340.437** |
| ***Бруто инвестиции (во % од БДП)*** | 19,8 | 21,4 | 23,7 | 27,9 | 25,7 | 24,5 | 26,9 | 28,9 | 28,8 | 30,3 | 30,4 | 32,5 | 32,3 | 32,3 | 34,5 | 31,7* | 32,8* |

*Извор: Министерство за финансии и Државен завод за статистика (н.п. - нема податок)*

** Податоци по проценка на Министерството за финансии.*

*** Пресметано според последниот податок за население на ДЗС кој изнесува 2.076.255 на ден 31.12.2019.*

[6] *Основни макроекономски индикатори,* Министерство за финансии, https://finance.gov.mk/%d0%b8%d0%bd%d0%b4%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8-%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%86%d0%b8%d0%b8/, *Бруто-домашен производ според производниот метод, по НКД Рев.2, по тримесечја*, Државен завод за статистика, http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__BDP__BDPTrimesecni__BDPsporedESS2010/125_NacSmA_Mk_01ProKv_01_ml.px/?rxid=91546663-c7c6-480b-803e-ce680bce7496 (пристапено на 25.2.2021)

*Графикон 1: БДП, БДП per capita и бруто-инвестиции во % од БДП во РСМ за периодот од 2005 - 2021 година во денари*



### *Инфлација и индекс на цените на мало и на трошоците на животот*

Инфлација е економски поим кој означува постојан пораст на општото ниво на цените во одреден временски период.[7]

Под цени на мало се подразбираат цените по кои трговијата на мало, индивидуалните производители и вршителите на услугите ги продаваат производите и услугите на крајните потрошувачи. Во цените е вклучен и ДДВ.

**Индекси на цени** - врз основа на просечните месечни цени на мало, нивната динамика, како и структурата на личната потрошувачка, се пресметуваат индексите на цените на мало и индексите на трошоците на животот.

**Индексот на трошоците на животот** се пресметува врз база на посебно групирана листа на производи и услуги од личната потрошувачка на домаќинствата и просечните месечни цени на мало на тие производи и услуги, односно нивните индивидуални индекси на цени, пондерирани со структурата од личната потрошувачка. При пресметката на индексите на трошоците на животот, покрај Националната класификација се применува и COICOP (Classification of individual consumption by purpose) како меѓународен стандард која претставува Класификација на личната потрошувачка по намена. Оваа класификација ја користат членките на Европската Унија за пресметка на хармонизираниот индекс на трошоците на животот кој се користи како индикатор за инфлацијата.[8]

[7] Rudiger Dornbusch and Stanley Fischer. *Macroeconomics* (sixth edition). McGraw-Hill, 1994, стр. 4-5.
[8] *Месечен статистички извештај* - Државен завод за статистика, Скопје, 2012, http://www.stat.gov.mk/publikacii/Bilten_03_2012_M.pdf, (пристапено на 25.2.2021)

*Табела 2: Инфлација за периодот од 2005 – 2021 година (просек во %)*[9]

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Инфлација (крај на период, на годишна основа, во%)* | 1,2 | 2,9 | 6,1 | 4,1 | -1,6 | 3 | 2,8 | 4,7 | 1,4 | -0,5 | -0,4 | -0,2 | 2,4 | 0,9 | 0,4 | 2,3 | н.п. |
| *Инфлација (просек, на кумулативна основа, во %)* | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 3,9 | 3,3 | 2,8 | -0,3 | -0,3 | -0,2 | 1,4 | 1,5 | 0,8 | 1,2 | 1,5 |

*Извор: НБРСМ, МФ и Меѓународен монетарен фонд*

** Податокот за 2021 година е проекција на НБРСМ од 1,5 % и истата се поклопува со проекцијата на Министерството за финансии, додека проценката за висината на инфлација на ММФ изнесува 1,3%.*

*Табела 3: Индекси на цените на мало и на трошоците на живот за периодот од 2005 – 2021 година (во % и во однос на претходна година)*[10]

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Цени на мало* | 2,1 | 3,9 | 2,6 | 6,7 | -1,4 | 2,6 | 4 | 3,3 | 1,3 | -0,9 | -1,3 | -0,2 | 3,2 | 2,7 | 2,7 | 0,4 | 1,6 |
| *Трошоци на животот COICOP* | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | -0,8 | 1,6 | 3,9 | 3,3 | 2,8 | -0,3 | -0,3 | -0,2 | 1,4 | 1,5 | 0,8 | 1,2 | 1,9 |

*Извор: Државен завод за статистика*

** Податоците за 2021 се однесуваат за месец јануари и нивната промена е во однос на истиот период од претходната година*

---

[9]*Основни економски показатели за РСМ,* Народна банка на РСМ, https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=1&cad=rja&uact=8&ved=2ahUKEwiwsNPwmqXjAhUm2aYKHbvkC5sQFjAAegQIARAC&url=http%3A%2F%2Fwww.nbrm.mk%2Fcontent%2Fstatistika%2Fpokazateli%2FOsnovni_makroek_indikatori_mak.xlsx&usg=AOvVaw19c7r9cj8Dchsr9AjoqBb5, *Основни макроекономски индикатори,* Министерство за финансии, https://finance.gov.mk/%d0%b8%d0%bd%d0%b4%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8-%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%86%d0%b8%d0%b8/, International Monetary Fund, At a Glance, https://www.imf.org/en/Countries/MKD (пристапено на 25.2.2021)

[10]*Соопштение: Индекси на трошоците на животот според COICOP и цени на мало,* Државен завод за статистика, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=39&rbrObl=15 (пристапено на 25.2.2021)

*Графикон 2: Инфлација за периодот од 2005 – 2021 година (просек во %)*




*Графикон 3: Индекси на цените на мало и на трошоците на живот за периодот од 2005 – 2021 година (во % и во однос на претходна година)*



### *Увоз на стоки, извоз на стоки и трговски биланс*

Трговски биланс ја претставува разликата меѓу монетарната вредност на извозот и увозот како аутпут во една економија за определен период.[11]

*Табела 4: Увоз на стоки, извоз на стоки, покриеност на увозот со извоз во %, трговски биланс и трговски биланс во % од БДП за период од 2005 - 2021 година*[12]

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Увоз на стоки ЦИФ (во милиони EUR) | 2.605 | 2.980 | 3.834 | 4.664 | 3.637 | 4.137 | 5.053 | 5.071 | 4.983 | 5.505 | 5.801 | 6.177 | 6.835 | 7.676 | 8.436 | 7.595 | 8.683 |
| Извоз на стоки ФОБ (во милиони EUR ) | 1.644 | 1.918 | 2.477 | 2.698 | 1.937 | 2.535 | 3.215 | 3.124 | 3.235 | 3.747 | 4.088 | 4.390 | 5.019 | 5.872 | 6.422 | 5.778 | 6.653 |
| Покриеност на увоз со извоз во % | 63,1 | 64,4 | 64,6 | 57,8 | 53,3 | 61,3 | 63,6 | 61,6 | 64,9 | 68,1 | 70,5 | 71,1 | 73,4 | 76,5 | 76,1 | 76,1 | 76,6 |
| Трговска сметка дефицит-суфицит (во милиони EUR ) | -961 | -1.062 | -1.356 | -1.967 | -1.700 | -1.602 | -1.838 | -1.947 | -1.748 | -1.758 | -1.714 | -1.786 | -1.816 | -1.804 | -2.015 | -1.817 | -2.030 |
| Трговска сметка дефицит-суфицит (во % од БДП) | -19,1 | -19,4 | -22,3 | -29 | -25,1 | -22,5 | -24,4 | -25,7 | -21,4 | -20,5 | -18,9 | -18,5 | -18,1 | -16,79 | -17,97 | -16,8 | -17,7 |

*Извор: Министерство за финансии и Државен завод за статистика*

** Податоците за 2019 се проекции на Министерството за финансии*

[11] Sullivan, Arthur; Steven M. Sheffrin (2003). *Economics: Principles in action.* Upper Saddle River, New Jersey 07458: Pearson Prentice Hall. стр. 462

[12] *Основни макроекономски индикатори,* Министерство за финансии, https://finance.gov.mk/%d0%b8%d0%bd%d0%b4%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8-%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%86%d0%b8%d0%b8/, *Соопштение: Обем на стоковната размена со странство,* Државен завод за статистика, https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=78&rbrObl=23 (пристапено на 26.2.2021)

*Графикон 4: Увоз на стоки, извоз на стоки, покриеност на увозот со извоз во %, трговски биланс и трговски биланс % од БДП за период од 2005 - 2021 година*



***Платен биланс на Република Северна Македонија***

Биланс на плаќањата, или платен биланс претставува статистички извештај кој систематски ги прикажува сите економски трансакции на националната економија со останатиот дел од светот, за определен временски период, вообичаено за една година.

Тој се смета за најважен макробиланс кој го покажува степенот на развој на националната економија и екстерната позиција на националната економија од аспект на задолженоста и вклученоста во меѓународната размена на стоки и капитал. Платниот биланс се состои од три елементи: тековна сметка, финансиска и капитална сметка како и грешки и пропусти. Тековната сметка ги претставува тековните трансакции помеѓу резиденти и нерезиденти чија цел не е трансфер на капитал. **Капиталната и финансиската сметка** ги претставуваат капиталните трансакции помеѓу резиденти и нерезиденти кои произлегуваат од купувањето или продажбата на финансиски средства и капитал. **Финансиската сметка** за платниот биланс ги бележи сите меѓународни купувања или продажби на финансиски средства.[13]

Надлежна институција за водење на платниот биланс е Народна банка на Република Северна Македонија, која на месечно ниво подготвува извештаи со кои ја информира јавноста за неговата состојба. Методологијата по која се подготвува платниот биланс е усогласена со барањата на ММФ од 1993 год.

[13] Кругман Р. Пол, Обстфелд Морис. *Меѓународна економија – Теорија и политика.* Табернакул, Скопје, 2009, стр. 315 -316

*Табела 5: Платен биланс на Република Северна Македонија за период од 2005 - 2019 година, во милиони евра*[14]

| *Платен биланс на Република Северна Македонија (во милиони евра)* | *2005* | *2006* | *2007* | *2008* | *2009* | *2010* | *2011* | *2012* | *2013* | *2014* | *2015* | *2016* | *2017* | *2018* | *2019, заклучно со трет квартал* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Тековна сметка** | **-122,5** | **-23,4** | **-421,2** | **-862,2** | **-457,1** | **-144,0** | **-189,2** | **-240,0** | **-134,1** | **-43,2** | **-177,1** | **-275,5** | **-105,2** | **-14,9** | **-162,5** |
| Прилив | 2.655,5 | 3.146,1 | 3.869,7 | 4.098,7 | 3.459,6 | 4.294,6 | 5.152,9 | 5.214,9 | 5.324,9 | 5.921,4 | 6.248,0 | 6.748,0 | 7.489,0 | 8.549,0 | 2.012,8 |
| Одлив | 2.778,0 | 3.169,4 | 4.290,8 | 4.960,9 | 3.916,7 | 4.438,6 | 5.342,1 | 5.454,9 | 5.459,0 | 5.964,6 | 6.425,2 | 7.023,4 | 7.594,3 | 8.563,9 | 2.175,3 |
| **Стоки и услуги** | **-881,0** | **-974,9** | **-1.144,4** | **-1.745,6** | **-1.537,2** | **-1.400,1** | **-1.545,7** | **-1.698,4** | **-1.488,4** | **-1.471,8** | **-1.474,0** | **-1.472,2** | **-1.412,6** | **-1.372,7** | **-374,8** |
| Извоз | 1.686,1 | 2.020,7 | 2.631,9 | 2.878,9 | 2.143,6 | 2.728,8 | 3.441,3 | 3.374,0 | 3.529,7 | 4.088,0 | 4.424,6 | 4.919,1 | 5.508,9 | 6.452,5 | 1.617,2 |
| Увоз | 2.567,1 | 2.995,7 | 3.776,3 | 4.624,5 | 3.680,8 | 4.128,8 | 4.987,0 | 5.072,5 | 5.018,1 | 5.559,8 | 5.898,6 | 6.391,3 | 6.921,5 | 7.825,2 | 1.991,9 |
| **Стоки** | **-996,9** | **-1.127,6** | **-1.354,1** | **-1.933,6** | **-1.742,5** | **-1.532,0** | **-1.904,9** | **-2.007,9** | **-1.863,3** | **-1.855,7** | **-1.822,8** | **-1.812,9** | **-1.787,3** | **-1.734,9** | **-473,1** |
| Извоз | 1.132,4 | 1.418,2 | 1.866,1 | 2.022,2 | 1.350,9 | 1.981,3 | 2.396,5 | 2.307,2 | 2.375,0 | 2.784,1 | 3.046,9 | 3.529,4 | 4.074,6 | 4.881,4 | 1.244,3 |
| Увоз | 2.129,3 | 2.545,8 | 3.220,2 | 3.955,8 | 3.093,4 | 3.513,3 | 4.301,3 | 4.315,1 | 4.238,3 | 4.639,8 | 4.869,8 | 5.342,3 | 5.861,9 | 6.616,2 | 1.717,4 |
| **Услуги** | **115,8** | **152,7** | **209,7** | **188,0** | **205,3** | **132,0** | **359,2** | **309,4** | **374,9** | **383,9** | **348,8** | **340,7** | **374,7** | **362,2** | **98,4** |
| Извоз | 553,7 | 602,5 | 765,7 | 856,8 | 792,7 | 747,5 | 1.044,9 | 1.066,8 | 1.154,7 | 1.303,9 | 1.377,6 | 1.389,7 | 1.434,3 | 1.571,1 | 372,9 |
| Увоз | 437,9 | 449,8 | 556,1 | 668,7 | 587,4 | 615,5 | 685,7 | 757,4 | 779,8 | 920,0 | 1.028,8 | 1.049,0 | 1.059,6 | 1.208,9 | 274,5 |
| **Примарен доход** | **-88,1** | **-21,2** | **-280,8** | **-94,4** | **-47,3** | **-99,7** | **-131,0** | **-163,8** | **-193,1** | **-160,6** | **-286,1** | **-383,9** | **-397,5** | **-450,7** | **-113,9** |
| Прилив | 78,0 | 105,5 | 152,4 | 181,3 | 128,9 | 146,7 | 161,4 | 146,7 | 170,9 | 158,0 | 150,5 | 147,1 | 147,1 | 151,2 | 38,1 |
| Одлив | 166,1 | 126,6 | 433,2 | 275,7 | 176,1 | 246,4 | 292,5 | 310,5 | 363,9 | 318,6 | 436,6 | 531,0 | 544,6 | 602,0 | 152,0 |
| **Секундарен доход** | **846,6** | **972,7** | **1.004,1** | **977,8** | **1.127,4** | **1.355,8** | **1.487,5** | **1.622,3** | **1.547,3** | **1.589,2** | **1.583,0** | **1.580,6** | **1.704,9** | **1.808,5** | **326,2** |
| Прилив | 891,4 | 1.019,9 | 1.085,5 | 1.038,5 | 1.187,2 | 1.419,1 | 1.550,1 | 1.694,2 | 1.624,3 | 1.675,4 | 1.672,9 | 1.681,8 | 1.833,0 | 1.945,3 | 357,6 |
| Одлив | 44,8 | 47,1 | 81,4 | 60,7 | 59,8 | 63,3 | 62,6 | 71,9 | 77,0 | 86,2 | 89,9 | 101,2 | 128,1 | 136,8 | 31,4 |

[14] *Платен биланс - методологија БПМ 6: Годишни податоци 1998 – 2018 и Квартални податоци 1998 - 2019,* Народна банка на РСМ, https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-platen-bilans-metodologija-bpm-6.nspx (пристапено на 26.2.2021)

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **II. Капитална сметка** | **0,0** | **0,0** | **4,0** | **-10,6** | **10,9** | **3,3** | **-2,5** | **9,3** | **14,7** | **3,3** | **7,3** | **10,7** | **18,0** | **11,6** | **0,3** |
| Прилив | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 3,2 | 2,8 | 10,3 | 9,9 | 14,9 | 10,9 | 7,7 | 11,1 | 18,2 | 11,6 | 0,3 |
| Одлив | 0,0 | 0,0 | -4,0 | 10,6 | -7,7 | -0,5 | 12,7 | 0,6 | 0,2 | 7,6 | 0,4 | 0,5 | 0,2 | 0,1 | 0,0 |
| **Нето-кредитирање (+) / нето-задолжување (-) (збирна ставка од тековната и капиталната сметка)** | **-122,4** | **-23,4** | **-417,1** | **-872,8** | **-446,2** | **-140,6** | **-191,7** | **-230,7** | **-119,5** | **-39,9** | **-169,8** | **-264,8** | **-87,2** | **-3,3** | **-162,2** |
| **III. Финансиска сметка** | **-127,7** | **-19,5** | **-457,0** | **-896,8** | **-419,1** | **-139,5** | **-179,4** | **-212,1** | **-106,6** | **-27,2** | **-171,6** | **-272,3** | **-97,5** | **5,1** | **-157,8** |
| **IV. Нето-грешки и пропусти** | **-5,3** | **3,8** | **-39,9** | **-24,0** | **27,1** | **1,1** | **12,3** | **18,6** | **12,9** | **12,7** | **-1,7** | **-7,5** | **-10,3** | **8,4** | **4,4** |

*Извор: НБРСМ*

## *Државен и јавен долг*

**Државен долг** е збир на финансиски обврски создадени со задолжување на Република Северна Македонија, јавните установи основани од Република Северна Македонија и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, не вклучувајќи го долгот на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата, општините и на Народната банка на Република Северна Македонија[15].

**Јавен долг** е збир на државниот долг и долгот на јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје[16].

**Носители на јавен долг** се Владата на Република Северна Македонија, јавните установи основани од Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата и на општините, општините во градот Скопје или градот Скопје[17].

---

[15] Закон за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 137/06, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), член 2 точка 1

[16] *Ibid,* член 2 точка 2

[17] *Ibid,* член 2 точка 3

*Табела 6: Државен и јавен долг во милиони евра и како % од БДП за периодот од 2005 - 2020 година*[18]

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Државен долг во мил. евра** | 1.849,0 | 1.673,6 | 1.430,0 | 1.387,1 | 1.597,2 | 1.710,8 | 2.092,9 | 2.554,5 | 2.771,6 | 3.262,5 | 3.453,3 | 3.851,5 | 3.958,5 | 4.344,4 | 4.556,8 | 5.516,0 |
| **Државен долг % од БДП** | 36,7 | 30,6 | 23,5 | 20,5 | 23,6 | 24,1 | 27,7 | 33,7 | 34,0 | 38,1 | 38,1 | 39,9 | 39,4 | 40,6 | 40,7 | 51,0 |
| **Јавен долг во мил. евра** | 1.992,2 | 1.818,3 | 1.569,8 | 1.558,3 | 1.772,2 | 1.936,3 | 2.414,9 | 2.908,8 | 3.281,4 | 3.921,3 | 4.227,2 | 4.711,4 | 4.786,9 | 5.202,2 | 5.540,9 | 6.483,3 |
| **Јавен долг % од БДП** | 39,6 | 33,2 | 25,8 | 23,0 | 26,2 | 27,2 | 32,0 | 38,3 | 40,3 | 45,8 | 46,6 | 48,8 | 47,7 | 48,4 | 49,4 | 59,9 |

*Извор: Министерство за финансии и НБРСМ*

*Графикон 5: Државен и јавен долг во евра и како % од БДП за периодот од 2005 - 2020 година*




[18] *Состојба на државен и јавен долг заклучно со 31.12.2020 година*, Министерство за финансии https://finance.gov.mk/%d1%81%d0%be%d1%81%d1%82%d0%be%d1%98%d0%b1%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%be%d0%bb%d0%b3-2/ (пристапено на 27.2.2021)

***Странски директни инвестиции (СДИ)***

Странските директни инвестиции (СДИ) претставуваат нето-прилив на инвестиции од странство во дадена економија за одреден временски период.[19]

Странските директни инвестиции, претставуваат форма на меѓународно движење на капитал преку кое се рефлектира целта за остварување на долгорочен интерес помеѓу директниот инвеститор (резидент од една економија) и директно инвестираното претпријатие (резидент на друга економија). Странските директни инвестиции, покрај иницијалната трансакција на вложување, во себе ги инкорпорираат и сите последователни инвестирања помеѓу нив и нивните афилијации. Долгорочниот интерес претставува сигнификантен степен на влијание на инвеститорот во управувањето со претпријатието во кое го вложил капиталот.[20]

Странските директни инвестиции претставуваат инвестиции на правни и физички лица од странство во регистрирани деловни субјекти во Република Северна Македонија со кои се остварува заеднички долгорочен интерес и каде што странскиот инвеститор поседува најмалку 10% од вкупната вредност на деловниот субјект.

*Табела 7: Странски директни инвестиции (СДИ, и СДИ по жител и како % од БДП во РСМ за период 2005-2020 год.)*

| | ***2005*** | ***2006*** | ***2007*** | ***2008*** | ***2009*** | ***2010*** | ***2011*** | ***2012*** | ***2013*** | ***2014*** | ***2015*** | ***2016*** | ***2017*** | ***2018*** | ***2019*** | ***2020*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***СДИ во милиони евра*** | 77,21 | 344,82 | 505,97 | 399,89 | 144,97 | 160,47 | 344,41 | 111,22 | 252,20 | 205,14 | 216,72 | 338,43 | 181,73 | 614,08 | 398,76 | 239,82 |
| ***СДИ % од БДП*** | 1,5 | 6,3 | 8,3 | 6,0 | 2,0 | 2,2 | 4,6 | 1,7 | 2,8 | 2,3 | 2,2 | 3,3 | 1,8 | 5,6 | 3,2 | Нема податок |
| ***СДИ пер капита во евра***** | 38,17 | 170,48 | 250,16 | 197,71 | 71,67 | 79,34 | 170,28 | 54,99 | 124,69 | 101,42 | 107,15 | 167,32 | 89,85 | 308,76 | 192,05 | 115,5 |

*1) Од 2010 година во податокот е вклучена и акумулирана камата*
*Извор: Народна банка на РСМ http://nbstat.nbrm.mk/pxweb/mk/ и https://nbrm.mk/osnovni_ekonomski_pokazateli.nspx*
*Табеларни прегледи преземени на 26.2.2021 година*
*** Податоците се сопствена пресметка на авторот*

[19] Официјална интернетска страница на Светска банка, http://data.worldbank.org/indicator/BX.KLT.DINV.CD.WD (пристапено на 26.2.2021)
[20] OECD, Benchmark Definition of Foreign Direct Investment-third edition, OECD 1996, http://www.oecd.org/daf/inv/investment-policy/2090148.pdf (пристапено на 26.2.2021)

*Графикон 6: Странски директни инвестиции (СДИ), СДИ по жител и како % од БДП во РСМ за период 2005-2020 год.*



### *Девизни резерви на Народната банка на Република Северна Македонија*

Основни функции на девизните резерви се обезбедување поддршка при спроведувањето на монетарната политика и режимот на девизен курс, обезбедување на домашната економија од надворешни шокови, редовно плаќање на надворешниот јавен долг и одржување на кредибилитетот на домашната економија во меѓународни рамки. Во таа смисла, согласно дефиницијата на Меѓународниот монетарен фонд, девизните резерви претставуваат „странски девизни средства коишто се на располагање и се управувани од монетарната власт за директно финансирање на платните нерамнотежи, за индиректно регулирање на големината на овие нерамнотежи преку интервенции на домашниот девизен пазар, во насока на одржување на стабилноста на девизниот курс на домашната валута, како и за други намени“. Согласно со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, Народната банка управува и ракува со девизните резерви на државата.[21]

*Табела 8: Девизни резерви на НБРСМ во мил. евра и покриеност на увозот со девизни резерви во месеци од 2005 до 2020 година*

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Девизни резерви на НБРСМ (во мил. евра)*** | 1.122,9 | 1.416,7 | 1.524,4 | 1.494,9 | 1.597,5 | 1.714,5 | 2.068,9 | 2.193,3 | 1.993,0 | 2.436,5 | 2.261,8 | 2.613,4 | 2.336,3 | 2.867,1 | 3.262,6 | 3.359,9 |
| ***Покриеност на увозот со девизни резерви (девизни резерви во евра/ просечен месечен увоз на стоки и увоз на услуги), во месеци*** | 5,2 | 5,7 | 4,8 | 3,9 | 5,2 | 5,0 | 5,0 | 5,2 | 4,8 | 5,3 | 4,6 | 4,9 | 4,1 | 4,4 | 4,6 | 5,3 |

*Извор: Табеларен преглед на НБРСМ преземен на 26.2.2021 година https://nbrm.mk/osnovni_ekonomski_pokazateli.nspx*

[21] Официјалната интернетска страница на НБРСМ http://www.nbrm.mk/default.asp?ItemID=5F06BC4FD78D1D459867D2BAF4D63279

*Графикон 7: Девизни резерви на НБРСМ во мил. евра и покриеност на увозот со девизни резерви во месеци од 2005 до 2020 година*



*Табела 9: Монетарни движења (месеци во милиони денари и стапка на раст во %) во РСМ за период 2007-2020 година*

| МОНЕТАРНИ ДВИЖЕЊА ВО МИЛИОНИ ДЕНАРИ И СТАПКА НА РАСТ ВО % | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Кредити*** | | ***Депозити*** | | ***Монетарни агрегати*** | | | | | | | |
| | *Вкупно* | *Вкупно, стапка на раст %* | *Вкупно* | *Вкупно, стапка на раст %* | *Примарни пари* | *Примарни пари, стапка на раст %* | *М1* | *М1, стапка на раст %* | *М2* | *М2, стапка на раст %* | *М4* | *М4, стапка на раст %* |
| ***2007*** | 128.071 | 39,2 | 155.869 | 32,3 | 37.860 | 20,2 | 48.858 | 32,8 | 168.555 | 42,1 | 177.385 | 29,9 |
| ***2008*** | 172.150 | 34,4 | 175.130 | 12,4 | 40.890 | 8,0 | 54.584 | 16,5 | 181.708 | 2,0 | 198.348 | 11,8 |
| ***2009*** | 181.022 | 5,2 | 187.587 | 7,1 | 45.935 | 12,3 | 59.867 | -4,1 | 188.345 | -14,3 | 209.624 | 5,7 |
| ***2010*** | 193.663 | 7,0 | 213.202 | 13,7 | 48.985 | 6,6 | 57.362 | 9,7 | 204.085 | 17,1 | 235.074 | 12,1 |
| ***2011*** | 209.858 | 8,4 | 232.836 | 9,2 | 53.625 | 9,5 | 63.641 | 6,3 | 219.041 | 9,7 | 257.379 | 9,5 |
| ***2012*** | 221.700 | 5,6 | 244.250 | 4,9 | 55.926 | 4,3 | 68.239 | 7,2 | 220.040 | 5,2 | 268.615 | 4,4 |
| ***2013*** | 236.327 | 6,6 | 259.101 | 6,1 | 53.468 | -4,4 | 72.110 | 5,7 | 220.245 | 3,8 | 282.542 | 5,2 |
| ***2014*** | 259.992 | 10,0 | 286.028 | 10,4 | 60.855 | 13,8 | 88.130 | 22,2 | 236.281 | 12,3 | 312.481 | 10,6 |
| ***2015*** | 284.932 | 9,6 | 304.552 | 6,5 | 61.213 | 0,6 | 104.353 | 18,4 | 254.433 | 9,0 | 334.091 | 6,9 |
| ***2016*** | 284.782 | -0,1 | 321.888 | 5,7 | 65.545 | 7,1 | 114.834 | 10,0 | 270.266 | 5,8 | 354.712 | 6,2 |
| ***2017*** | 300.257 | 5,4 | 339.314 | 5,4 | 69.692 | 6,3 | 126.256 | 9,9 | 280.656 | 4,9 | 372.931 | 5,1 |
| ***2018*** | 322.089 | 7,3 | 375.046 | 10,5 | 82.857 | 18,9 | 149.849 | 18,7 | 313.837 | 14,5 | 416.814 | 11,8 |
| ***2019*** | 331.470 | 6,0 | 392.381 | 10,3 | / | / | 155.355 | 17,2 | 322.899 | 12,7 | 430.642 | 9,3 |
| ***2020 К1*** | 343.702 | 5,8 | 409.200 | 8,3 | / | / | 169.825 | 19,9 | 342.291 | 14,0 | 452.287 | 8,9 |
| ***2020 К2*** | 352.718 | 6,6 | 418.916 | 8,4 | / | / | 181.296 | 21,3 | 355.873 | 14,8 | 463.678 | 9,8 |
| ***2020 К3*** | 352.824 | 7,3 | 418.644 | 6,1 | / | / | 188.930 | 17,8 | 365.521 | 12,1 | 468.843 | 6,9 |
| ***2020 К4*** | 357.296 | / | 434.915 | 5,9 | / | / | 194.819 | / | 372.813 | / | 475.902 | / |

*1) Почнувајќи од јануари 2009 година кредитите депозитите и паричната маса вклучуваат и пресметана камата*
*Извор: Табеларни прегледи преземени од Министерство за финансии и НБРСМ на 26.2.2021 год.*

*Графикон 8: Монетарни движења во милиони денари 2007-2019*



*Графикон 9: Монетарни движења, стапка на раст во % 2007-2019*



**Кредитите** се однесуваат на средствата коишто останатите депозитни институции ги добиваат од различни институционални сектори.

**Депозитите** се поделени на депозити вклучени и исклучени од парична маса, а понатаму се класифицирани во депозити во денари и странска валута. Депозитите вклучени во паричната маса ги опфаќаат трансферабилните депозити и останатите депозити на домашните депозитни институции коишто се вклучени во националната дефиниција на паричната маса. Оваа категорија ги вклучува депозитите на останатите финансиски институции, нефинансиски друштва, домаќинства, непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата и локалната самоуправа. Депозитите исклучени од парична маса ги опфаќаат трансферабилните и останатите депозити на државата (освен на локалната самоуправа), депозитните институции и нерезидентите.

**Примарни пари**, според најтесната дефиниција вклучуваат: готови пари во оптек, сметките на банките кај НБРСМ и готовината во благајна кај банките.

**Паричната маса М1** ги опфаќа готовите пари во оптек и депозитните пари. Притоа, депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај НБРСМ. Готовите пари во оптек претставуваат разлика помеѓу вкупниот износ на печатени и ковани пари и износот на готови пари што се наоѓа во благајната на банките, во трезорот на НБРСМ и во дисперзираните трезори.

**Паричната маса М2** (ликвидни средства) ги вклучува монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити. Краткорочните депозитите се дефинирани како депозити во кои се опфатени: депозитите по видување, орочените депозити до една година, во денари и странска валута.

**Парична маса М4** (вкупен депозитен потенцијал на монетарниот систем), ги вклучува монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити т.е. депозитите орочени над една година, во денари и странска валута.[22]

***Кредитен рејтинг на Република Северна Македонија***

**Кредитен рејтинг** претставува вреднување на кредитоспособноста на должникот да го отплаќа својот долг, односно оценка на бонитетот, со помош на утврдени симболи, а предмет на оценка може да биде претпријатие, банка, осигурително друштво, многу други профитни и непрофитни организации и државата. Основна задача на кредитниот рејтинг е намалување на асиметричните информации помеѓу инвеститорите и издавачот на хартиите од вредност. Тој игра значајна улога во економската политика и инвестициските одлуки, и речиси е невозможно да се позајмува капитал на финансиските

[22] Извор: Официјалната интернетска страница на НБРСМ
http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_Bilten_Metodoloski_objasnuvanja_monetaren_sektor_062015_mak.pdf

пазари без кредитобарателот да има одреден кредитен рејтинг. Кредитниот рејтинг го определуваат специјализирани компании наречени кредитни рејтинг агенции. Нискиот кредитен рејтинг означува дека кај деловниот ентитет или држава постои висок ризик за неисполнување на обврските кон доверителите, додека високиот кредитен рејтинг е знак за должник кој може навремено да си ги отплаќа своите долгови.[23]

**Државен кредитен рејтинг** е оцена на кредитоспособноста на одредена држава навремено да ги покрива обврските кон своите доверители. Кредитниот рејтинг на државата зависи од условите под кои е задолжена државата. Во зависност од кредитниот рејтинг се одредува и каматната стапка на должничките инструменти (обврзници) кои ги издава државата, како и цената на тие инструменти на пазарот на капитал. Колку е поголема кредитоспособноста на заемобарателот, толку е помала каматната стапка, а поголема цената на должничкиот инструмент. Процесот на доделување на кредитниот рејтинг е сложен, долготраен и континуиран и истиот не се донесува врз основа на универзална формула.[24]

*Табела 10: Кредитен рејтинг на Република Северна Македонија за период од 2010 до 2021 според кредитните агенции Standard & Poors и Fitch*

| Кредитна рејтинг агенција / Година | Стандард и Пурс (Standard & Poors) | Фич ( Fitch) |
|---|---|---|
| 2010 | BB стабилен | BB+ стабилен |
| 2011 | BB стабилен | BB+ стабилен |
| 2012 | BB стабилен | BB+ стабилен |
| 2013 | BB- стабилен | BB+ стабилен |
| 2014 | BB- стабилен | BB+ стабилен |
| 2015 | BB- стабилен | BB+ негативен |
| 2016 | BB- стабилен | BB негативен |
| 2017 | BB- стабилен | BB негативен |
| 2018 | BB- стабилен | BB позитивен |
| 2019 | BB- стабилен | BB+ стабилен |
| 2020 | BB- стабилен | BB+ негативен |
| 2021 | BB- стабилен | / |

*Извор: Министерство за финансии на РСМ и официјалните интернетски страници на агенциите Standard & Poor's и Fitch*

[23] Bajo, A. i Penava, J., *Kreditne rejting agencije i kreditni rejting države*, Zagreb: Ekonomski fakultet, 2008, стр. 45.
[24] Петковски, М., *Финансиски пазари и институции (дополнето и изменето издание)*, Скопје: Економски факултет, 2009, стр. 140

## I.2. Социјални индикатори

### *Просечни нето и бруто-плати (износ и годишна стапка на пораст)*

Поимот плата, од економски аспект претставува дел од вкупното производство, кое се враќа на трудот како заслужен приход, за разлика од надоместокот стекнат од капитал кој претставува незаслужен приход. Просечната плата е мерка со којашто се изразува финансиската состојба на жителите на одредена земја.[25]

Согласно методологијата на Народна банка на Република Северна Македонија, податоците за исплатените нето и бруто-плати по вработен, базираат на месечни извештаи од деловните субјекти во приватна и друга (општествена, државна, задружна и мешовита) сопственост со различни дејности во Република Северна Македонија, согласно податоците изготвени од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

„Вкупно исплатените бруто-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси за: пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување, за професионално заболување. Вкупно исплатените нето-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец за работа во полно работно време, покусо од полното и подолго од полното работно време (прекувремена работа), надоместоци на нето-платата од средствата на деловниот субјект за годишен одмор, државни празници, платено отсуство до седум дена, платено отсуство за стручно образование, за боледување до 21 ден и сл., надоместоци на нето-платата на товар на други работодавци за време поминато на вежба по покана на надлежен државен орган, цивилна заштита и сл.“[26]

---

[25] Извор: Официјалната интернетска страница на Европската Комисија - Евростат http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php/Wages_and_labour_costs

[26] Официјална интернетска страница на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, пристапено на 26.2.2021 год. http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=41&rbrObl=14

*Табела 11: Просечни бруто и нето-плати и номинална и реална промена од 2005 до 2020 година*

| | **Бруто-плати:** | | | **Нето-плати:** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Просечна вкупно** | **Номинална промена** | **Реална промена** | **Просечна вкупно** | **Номинална промена** | **Реална промена** |
| **2005** | 21.335 | 2,7 | 2,2 | 12.600 | 2,5 | 2,0 |
| **2006** | 23.037 | 8,0 | 4,6 | 13.854 | 7,3 | 4,0 |
| **2007** | 24.139 | 4,8 | 2,4 | 14.586 | 7,9 | 5,5 |
| **2008** | 25.349 | 8,7 | 0,3 | 16.095 | 10,3 | 1,9 |
| **2009** | 29.923 | 9,4 | 10,3 | 19.958 | 9,9 | 10,8 |
| **2010** | 30.226 | 1,0 | -0,6 | 20.554 | 3,0 | 1,4 |
| **2011** | 30.603 | 1,3 | -2,5 | 20.848 | 1,4 | -2,4 |
| **2012** | 30.670 | 0,2 | -3,0 | 20.903 | 0,3 | -2,9 |
| **2013** | 31.025 | 1,2 | -1,6 | 21.146 | 1,2 | -1,6 |
| **2014** | 31.325 | 1,0 | 1,3 | 21.394 | 1,2 | 1,5 |
| **2015** | 32.173 | 2,7 | 3,0 | 21.906 | 2,4 | 2,7 |
| **2016** | 32.822 | 2,0 | 2,2 | 22.342 | 2,0 | 2,2 |
| **2017** | 33.688 | 2,6 | 1,2 | 22.928 | 2,6 | 1,2 |
| **2018** | 35.626 | 5,7 | 4,2 | 24.276 | 5,9 | 4,3 |
| **2019** | 37.448 | / | / | 25.214 | / | / |
| **2020** | 40.569 | / | / | 27.183 | / | / |

*Извор: Табеларни прегледи на НБРСМ и Државен завод за статистика преземени на 26.2.2021 год.*

Според прикажаните податоци во табела 11, може да се забележи дека во 2009 година, настаната е видлива промена во исплатата на просечната месечна бруто и нето плата по вработен, што се должи на настанатата структурна промена во податоците за платите, заради примената на концептот на „бруто-плата“ што ги вклучува додатоците за храна и превоз при пресметувањето на просечната месечна плата. Оттука, износите за нето и бруто-плата од јануари 2009 година, се значајно повисоки во однос на претходниот период.

*Графикон 10: Просечни бруто и нето-плати од 2005 до 2020 година*



***Пазар на работна сила***

„Стапката на невработеност се дефинира како учество на бројот на невработените во вкупната работна сила.“ Економски активното население го сочинуваат вработените и невработените (работна сила). Работоспособно население го сочинуваат сите лица на возраст од 15 до 79 години.[27]

Невработеност претставува социјално-економска појава, при која дел од активната работна сила во определена држава или регион бара работа, а истата не може да ја пронајде. Како невработени според законот се сметаат оние работници кои имаат наврешено шеснаесет години, кои се способни за работа и самите сакаат да работат, но немаат каде.[28]

*Табела 12: Вработеност и невработеност во целата економија во РСМ од 2005 до 2020 година*

| **Година** | Вработени | Невработени | Стапка на вработеност % | Стапка на невработеност % |
|---|---|---|---|---|
| ***2005*** | 545.253 | 232.934 | 33,9 | 37,3 |
| ***2006*** | 570.404 | 321.274 | 35,2 | 36,0 |
| ***2007*** | 590.234 | 316.905 | 36,2 | 34,9 |
| ***2008*** | 609.015 | 310.409 | 37,3 | 33,8 |
| ***2009*** | 629.901 | 298.873 | 38,4 | 32,2 |
| ***2010*** | 637.855 | 300.439 | 38,7 | 32,0 |
| ***2011*** | 645.085 | 294.963 | 38,9 | 31,4 |
| ***2012*** | 650.554 | 292.502 | 39,0 | 31,0 |
| ***2013*** | 678.838 | 277.219 | 40,6 | 29,0 |
| ***2014*** | 690.188 | 268.809 | 41,2 | 28,0 |
| ***2015*** | 705.991 | 248.933 | 42,1 | 26,1 |
| ***2016*** | 723.550 | 225.049 | 43,1 | 23,7 |
| ***2017*** | 740.648 | 213.564 | 44,1 | 22,4 |
| ***2018*** | 759.054 | 198.569 | 45,1 | 20,7 |
| ***2019*** | 797.651 | 166.363 | 47,3 | 17,3 |
| ***2020*** | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци | Нема податоци |

*Извор: Табеларни прегледи преземени од МакСтат базата на Државен завод за статистика на 26.2.2021 год.*

[27] Извор: Публикација: Активност на населението во Република Северна Македонија, Население и социјални статистики 2.4.12; Државен завод за статистика, Скопје, јуни 2013 година

[28] Извор: Официјалната интернетска страница на Државен завод за статистика на Република Северна Македонија http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=98&rbrObl=14

*Графикон 11: Вкупно вработени, невработени и стапка на вработеност и невработеност во РСМ од 2005-2019*



*Слика 1: Продуктивност на трудот и Вкупна факторска продуктивност (ВФП)*




*Извор: Министерство за финансии, Програма на економски реформи 2021-2023 година стр. 22 [https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B8-2021-2023.pdf](https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D0%B5%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B8-2021-2023.pdf) (пристапено на 26.2.2021)*

## I.3. Фискални (буџетски) индикатори

### *Буџет на Република Северна Македонија*

Буџетот на Република Северна Македонија е акт со кој се планираат годишните приходи и другите приливи и одобрени средства и ги вклучува централниот буџет и буџетите на фондовите. Буџетски дефицит е негативна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи и истиот се финансира со обезбедени средства од други приливи.[29]

*Табела 13: Планирани буџетски приходи, буџетски расходи и буџетски биланс на РСМ во милиони денари и нивно учество во % од БДП за периодот од 2005 до 2021 година*[30]

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Буџетски биланс дефицит/суфицит*** | **-2.230** | **-1.707** | **-3.497** | **-5.665** | **-11.135** | **-10.556** | **-11.584** | **-12.135** | **-19.250** | **-19.603** | **-20.139** | **-23.119** | **-18.567** | **-18.052** | **-17.700** | **-56.495** | **-34.937** |
| ***Буџетски приходи*** | 105.269 | 103.198 | 116.117 | 144.706 | 138.459 | 138.618 | 148.408 | 149.532 | 149.291 | 155.554 | 166.842 | 174.291 | 184.745 | 192.484 | 210.551 | 196.343 | 212.630 |
| ***Буџетски расходи*** | 107.499 | 104.905 | 119.614 | 150.371 | 149.594 | 149.174 | 159.992 | 161.667 | 168.541 | 175.157 | 186.981 | 197.410 | 203.312 | 210.536 | 228.251 | 252.838 | 247.567 |
| ***Буџетски биланс (дефицит, суфицит % од БДП)*** | -0,80% | -0,60% | 1,00% | -2,70% | -2,80% | -2,50% | -2,50% | -2,50% | -3,90% | -3,80% | -3,60% | -4,00% | -2,90% | -2,70% | -2,50% | -8,49% | -4,90% |

29 Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), член 2, точка 4 и точка 25

30 Податоците се преземени од Буџетите на Република Северна Македонија за 2006, 2011, 2019 и 2021 година, како и од изменувањата и дополнувањата на буџетите за 2005, 2007, 2008, 2009, 2010, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година.

*Графикон 12: Планирани буџетски приходи, буџетски расходи и буџетски биланс на РСМ во милиони денари и како % од БДП за периодот од 2005 до 2021 година*



*Табела 14: Реализирани буџетски приходи, буџетски расходи и буџетски биланс, според завршните сметки на буџетите на РСМ, како и нивно учество во % од БДП за периодот од 2005 - 2021 година во милиони денари[31]*

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Буџетски биланс (дефицит/суфицит)*** | 708 | -1.700 | 2.153 | -3.804 | -10.895 | -10.543 | -11.483 | -17.725 | -19.257 | -22.133 | -19.460 | -16.071 | -16.855 | -11.557 | -13.501 | -53.866 | -34.937 |
| ***Буџетски приходи*** | 100.927 | 104.044 | 119.608 | 136.415 | 128.498 | 132.149 | 137.166 | 138.112 | 140.248 | 145.929 | 161.172 | 169.336 | 179.706 | 188.513 | 203.946 | 189.770 | 212.630 |
| ***Буџетски приходи како % од БДП*** | 32,7% | 31,1% | 32,1% | 32,9% | 31,0% | 30,2% | 29,5% | 29,6% | 27,9% | 27,7% | 28,8% | 28,5% | 29,1% | 28,5% | 29,6% | 28,5% | 30,1% |
| ***Буџетски расходи*** | 100.219 | 105.744 | 117.455 | 140.219 | 139.393 | 142.692 | 148.649 | 155.837 | 159.505 | 168.062 | 180.632 | 185.407 | 196.561 | 200.070 | 217.447 | 243.636 | 247.567 |
| ***Буџетски расходи како % од БДП*** | 32,5% | 31,6% | 31,5% | 33,8% | 33,6% | 32,6% | 32,0% | 33,4% | 31,8% | 31,9% | 32,3% | 31,2% | 31,8% | 30,3% | 31,5% | 36,6% | 35,0% |
| ***Буџетски биланс (дефицит/суфицит) како % од БДП*** | 0,2% | -0,5% | 0,6% | -0,9% | -2,6% | -2,4% | -2,5% | -3,8% | -3,8% | -4,2% | -3,5% | -2,7% | -2,7% | -1,7% | -2,0% | -8,1% | -4,9% |
| ***БДП*** | 308.447 | 334.840 | 372.889 | 414.890 | 414.622 | 437.296 | 464.186 | 466.703 | 501.891 | 527.631 | 558.954 | 594.795 | 618.106 | 660.878 | 689.425 | 665.681 | 706.834 |

**Податоците за 2021 година се проектирани износи на Министерството за финансии*

[31] Податоците за буџетски приходи, буџетски расходи и буџетски биланс за периодот од 2005 - 2019 година се преземени од Завршните сметки на Буџетите за соодветните години, освен податоците за 2020 година и 2021 година кои се преземени од Министерството за финансии, со тоа што податоците за 2021 година се проектирани износи: https://finance.gov.mk/%d0%b8%d0%bd%d0%b4%d0%b8%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%80%d0%b8-%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b5%d0%ba%d1%86%d0%b8%d0%b8/, пристапено на 28.02.2021

*Графикон 13: Реализирани буџетски приходи, буџетски расходи и буџетски суфицит/дефицит на РСМ во милиони денари и како % од БДП за периодот од 2005 - 2021 година*



Изработиле: Марија Мицевска Лазарова

Спасена Крстева

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

_______________________________________

Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. ИЗБРАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ 2005 – 2015 - Информатор за социјални, економски и буџетски индикатори за Република Македонија, Парламентарен институт, Скопје, декември 2015
2. ИЗБРАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ 2005 – 2019 - Информатор за социјални, економски и буџетски индикатори за Република Северна Македонија, Парламентарен институт, Скопје, јули 2019
3. Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2007);
4. Буџет на Република Македонија за 2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/2005);
5. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.121/2007);
6. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година(„Службен весник на Република Македонија“ бр.90/2008);
7. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година – 2 („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2009);
8. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2010);
9. Буџет на Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/ 2010);
10. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2012);
11. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.152/2013);
12. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.133/2014);
13. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/2015);
14. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година – 2 („Службен весник на Република Македонија“ бр.179/2016);
15. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.109/2017);
16. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.207/2018);
17. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.211/2019);
18. Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.262/2020);
19. Завршни сметки на Буџетите на Република Северна Македонија за периодот од 2005 - 2019 година;
20. Петковски, М., *Финансиски пазари и институции (дополнето и изменето издание)*, Скопје: Економски факултет, 2009
21. Bajo, A. i Penava, J., *Kreditne rejting agencije i kreditni rejting države*, Zagreb: Ekonomski fakultet, 2008

22. Rudiger Dornbusch and Stanley Fischer, Macroeconomics (sixth edition), McGraw-Hill, 1994
23. Кругман Р. Пол, Обстфелд Морис, Меѓународна економија – Теорија и политика, Табернакул, Скопје, 2009
24. Sullivan, Arthur; Steven M. Sheffrin (2003). Economics: Principles in action. Upper Saddle River, New Jersey 07458: Pearson Prentice Hall
25. Официјална интернетска страница на Светска банка, http://data.worldbank.org/indicator/BX.KLT.DINV.CD.WD
26. OECD, Benchmark Definition of Foreign Direct Investment-third edition, OECD 1996, http://www.oecd.org/daf/inv/investment-policy/2090148.pdf
27. Официјална интернетска страница на Државен завод за статистика на Република Северна Македонија http://www.stat.gov.mk/Default.aspx
28. Официјална интернетска страница на Народна банка на Република Северна Македонија http://www.nbrm.mk/
29. Официјална интернетска страница на Меѓународен монетарен фонд - International Monetary Fund, http://www.imf.org
30. Официјална интернетска страница на Министерството за финансии, http://www.finance.gov.mk
31. Програма на економски реформи 2019-2021 година стр.21 https://finance.gov.mk/files/%D0%9F%D0%95%D0%A0_%D0%9C%D0%9A%D0%94%D0%94%202019_%D0%9C%D0%9A.pdf
32. До сите линкови од интернетски страници во оваа истражувачка работа е пристапено во периодот 25.2.2021 - 27.2.2021 година.


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384